**ПОВИК ЗА УЧЕСТВО НА АКАДЕМИЈА ЗА МЛАДИ ЛИДЕРИ И ЛИДЕРКИ**

Националниот демократски институт (НДИ) во рамки на проектот ***Жените и мажите водат, со цел да се унапреди родовата еднаквост,*** финасиран од Шведската меѓународна агенција за развој и соработка (СИДА), објавува повик за учество на **Академија за млади лидери и лидерки.**

**Преку учество на академијата се очекува учесниците да:**

- **Научат** како да бидат поефективни лидери,
- **Ги зајакнат** своите преговарачки и комуникациски вештини,
- **Ги развијат** своите вештини за развивање политики,
- **Ја унапредат** својата родова сензитивност,
- **Се поврзат** едни со други, и
- **Да стекнат самодоверба** за активни промотори за поголема родова еднаквост и инклузивност во политичкиот живот.

Академијата за лидерство ќе вклучи околу 50-тина студенти и студентки од правни студии, политички науки и родови студии од универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, универзитетот „Св. Климент Охридски“, универзитетот „Фадил Сулејмани“ и универзитетот „Гоце Делчев“ кои имаат интерес за политика и политичко учество. На академијата можат да се пријават студенти на додипломски студии, мастер студии и докторски студии.

**За учество на академијата, квалификуваните учесници треба да ги исполнат следните услови:**

- Да се државјани на Република Северна Македонија,
- Да студираат на еден од факултетите посочени во овој повик,
- Да поседуваат интерес за политика, политичко лидерство и вклученост во јавниот живот,
- Да не се членови на политичка партија,
- Добро да го владеат англискиот јазик,
- Да се на возраст од 20-29 години, и
- Да ја имаат подршката за учество од својот факултет.

Сите заинтересирани учесници можат да го пријават својот интерес со пополнување на пријавата која треба да се испрати на **ndimacedonia@ndi.org** најдоцна до **21 февруари 2022 година**. Пријавата треба да биде пополнета на англиски јазик и неа може да ја преземете тука: [INSERT LINK].

Селекцијата на студените кои ќе учествуваат на академијата ќе биде направена од страна на НДИ во соработка со релевантниот факултетот.

**Главна цел** на академијата е да се зајакнат лидерските знаења и вештини на младите луѓе  и да се мотивираат поактивно да се вклучат во креирањето на политиките, но и да дадат активен придонес во подобрувањето на родовата еднаквост во земјата.

Академијата ќе се спроведе во текот на 2022 година.  НДИ ќе организира три работилници кои ќе се фокусираат на следните теми: лидерски вештини, ефективна комуникација, развој и пренос на порака, односи со медиуми, инклузивност при процеси на одлучување и развој на политики, стратешко размислување за преговори и дебата, вештини за организациско управување и сл.

Во рамки на академијата, ќе се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пандемијата Ковид 19.

НДИ е посветен различноста, правичноста и вклученоста да се рефлектираат во сите аспекти на работата на институтот, вклучително и во испораката и извршувањето на оваа академија. НДИ ќе настојува проактивно да обезбеди различност и еднакви можности за учество меѓу учесниците, без разлика дали се тие учесници, говорници, панелисти или вклучени во некој друг капацитет или улога.

За повеќе информации за академијата и условите за учество можете да го  контактирате НДИ на ndimacedonia@ndi.org.

Sweden Sverige

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE